Doracak për mënyrën e udhëheqjes së procedurës për përpilimin dhe miratimin e projektit urbanistik me plan për parcelizim punuar nga Ministria e transportit dhe lidhjeve nr.24-3836/1 i datës 15.01.2021

**VËREJTJE TË PERSONAVE QË MARRIN PJESË NË USHTRIMIN E VEPRIMEVE PAS LEXIMIT TË PROCESVERBALIT**

Gjatë shqyrtimit të kryer,në Kërkesën e parashtruar me nr. 10-3111 të datës 15.08.2024 (numër arkivor i Komunës së Strugës), dhe 61904 numri i procedurës në sistemin e-urbanizëm, kurse në lidhje me Projektin urbanistik me plan për parcelizim për PN.15.1 dhe PN.15.2 në PDU për Vreshtat e liqenit pjesa 1 dhe 2 në KK Misleshovë komuna e Strugës me nr.tek.04/2024 nga muaji **g**usht 2024 e punuar nga SHT ,,NJU VIZHEN,, shpk Ohër, janë konstatohet si në vijim:
**Procedura mund të vazhdojë në pajtim me ligjin dhe kompetencat**.

4/1

Член/ Anëtar: Зоран Мојсовски диа/ Zoran Mojsovski iad
(надворешен член/ anëtar i jashtëm)
овластен планер со Овластување бр. 0.0151
planer i autorizuar me Autorizim nr. 0.0151

---

Член:/ Anëtar:Шќипе Беќири ,Д.И.А./Shqipe Beqiri , I.D.A
(од Општинска администрација на Општина Струга)
(nga administrata komunale e komunës së Strugës)

---

Тех.лице / Personi teknik
Петрит Бајрамоски /
Petrit Bajramoski

5/1

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

## Вовед

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга се работи согласно Законот за урбанистичко планирање чл. 63 став 1 и 2 (Сл. Весник на РСМ бр. 32/2020,бр. 111/2023 и бр. 171/2024), Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/2020, бр.219/2021, бр. 104/22 и 99/23) и "Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистичкиот проект со план за парцелација" бр.24-6836/1 од 15.10.2021 год.

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга треба да се изработи во согласност со постојната состојба, Проектната програма и одредбите од постоечкиот ДУП.

Задачата се изработува на иницијатива и барање на инвеститорот/нарачателот Флорије Абдурамани како сопственик на КП 2091/10 и КП 2091/2 во КО Мислешево, која учествува во формирање на градежните парцели ГП 15.1 и ГП 15.2 формирани во во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга.

## 1. Проектна програма

### ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 15.1 И ГП 15.2 ВО ДУП ЗА ЕЗЕРСКИ ЛОЗЈА ДЕЛ 1 И 2 ВО КО МИСЛЕШЕВО, ОПШТИНА СТРУГА

**ВОВЕД**

Проектната програма за изработка на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга е изработена врз основа на чл. 60 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 225/20, 219/21,104/22 и 99/23) и "Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистичкиот проект со план за парцелација" бр.24-6836/1 од 15.10.2021 год.

Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга треба да се изработи во согласност со постојната состојба, Проектната програма и одредбите од постоечкиот ДУП.

Изготвувањето на Урбанистичкиот проект со план за парцелација врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр. 32/2020, бр. 111/2023 и бр. 171/2024) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр 99/2023) и "Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистичкиот проект со план за парцелација" бр.24-6836/1 од 15.10.2021 год.

**ПРИЧИНА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ – АНАЛИЗА НА ПОСТОЕЧКАТА СОСТОЈБА:**

Анализата е извршена за потребите на Проектната програма и е од информативен карактер, додека подетална анализа ќе биде предмет на работа во изработката на Проектната документација.


Предложениот проектен опфат се наоѓа во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга, а ги опфаќа Градежните парцели ГП 15.1 и ГП 15.2.

**Градежните парцели 15.1 и 15.2** формирана во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга заради грешки кои се последица на урбанистичка неусогласеност со границите на катастарските парцели од кои таа е формирана и кои не може да се исправат во постапка за исправка на "Техничка грешка" истата нема можност да биде реализирана.

Изработката на нова измена, односно изработка на нов ДУП заради решавање на споменатите проблеми со ГП 15.1 и ГП 15.2 за поширок плански опфат не е рационална цел, односно интерес на сите учесници (сопственици на земјиште) во планскиот опфат но и на Општина Струга.

**ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**

Предложениот проектен опфат се наоѓа во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга а ги опфаќа Градежните парцели : 15.1 и 15.2 формирани на КП 2091/8, КП 2091/2 и делови од катастарските парцели КП 2091/10, КП 2091/1, КП 2108/3, КП 2814/1.




*Сл.1 : Парцелација според важечки ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга*

Проектниот опфат на источната страна се граничи со ГП 15.3, , на северната страна со новопланирана улица 5 , на западниот страна со новопланирана улица 9 и на јужната страна со крајбрежен појас односно зеленило.

Согласно Изводот од ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга за градежните парцели во проектниот опфат се дадени следните параметри:

**Нумерички показатели за ГП 15.1** (*на делови од КП 2091/10, КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1*)

- Класа на намена: СК (семејни куќи – индивидуално домување)
- Површина на ГП 15.1: 1371 м².
- Површина за градење: 500 м²
- Вкупна нето површина по катови: 1313 м2
- Процент на изграденост: 36.47%
- Коефициент на искористеност: 0.96
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за ГП 15.2** (*на КП 2091/8, КП 2091/2 и дел од КП 2814/1*)

- Класа на намена: СК (семејни куќи – индивидуално домување)
- Површина на ГП 15.2: 1397 м².
- Површина за градење: 530 м²
- Вкупна нето површина по катови: 1391 м2
- Процент на изграденост: 37.92%
- Коефициент на искористеност: 1.00
- Макс. висина: 10.20 м

**Површина на проектниот опфат : 2768 м2 (од Извод)**
**Измерена површина на проектниот опфат : 2769.42 м2 (од Нумерички)**


**Периметар на проектниот опфат : 208.02 м (од Нумерички)**

*Забелешка: Координатите на деталните точки кои ја формираат градежната парцела се добиени со скенирање, геореференцирање и векторизирање на фотокопијата од изводот од урбанистичкиот план. Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби и вредностите во изводот поради заокружување на истите.*

**Проектниот опфат ги има следните координати :**

(A) Y=7476311.9600 X=4558542.6200
Y=7476301.9300 X=4558543.7500
Y=7476286.3000 X=4558545.5200
Y=7476281.3353 X=4558546.1297
Y=7476267.1487 X=4558547.8721
Y=7476266.1494 X=4558547.9102
Y=7476265.1577 X=4558547.7819
Y=7476264.2011 X=4558547.4906
Y=7476263.3061 X=4558547.0445
Y=7476262.4976 X=4558546.4560
Y=7476261.7982 X=4558545.7413
Y=7476261.3197 X=4558545.0536
Y=7476260.7700 X=4558543.9200
Y=7476258.4100 X=4558525.7700
Y=7476255.8700 X=4558500.8200
Y=7476255.4531 X=4558496.7251
Y=7476255.3971 X=4558496.1749
Y=7476281.3643 X=4558491.9308
Y=7476306.8883 X=4558488.2126
Y=7476306.9300 X=4558488.6600
(A) Y=7476311.9600 X=4558542.6200

*Сл.2 : Проектен опфат на ажурирана геодетска подлога*




Со изработка на Урбанистички проект со план за парцелација потребно е да се направи корекција на границите на ГП 15.1 и ГП 15.2 и да се направи поделба на веќе формираната по ДУП ГП 15.2 во која ќе се формираат две нови градежни парцели ГП 15.2.1 и ГП 15.2.2 со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) и со посебни површини за градба со висина од 10.20м.

**ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ**

Согласно на чл. 63 од ЗУП сметаме дека со изработка на УП со план за парцелација истовремено можат да се направат потребни корекции во проектниот опфат формиран од Градените парцелли 15.1 и 15.2 без да се променат неговите вкупни параметри како и тие кои се дадени во ДУП а со што би се овозможила реализација на ДУП.

Следните цели треба да се постигнат со изработката на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга :




*Сл.3 : Предлог план за парцелација според УП*

1. Преработка на **проектниот опфат** формиран од ГП 15.1 и ГП 15.2 кој пред обработката и после изработката на УП да остане со иста вкупна површина (согласно на приложениот Геодетски елаборат за нумерички показатели).

2. Корекција на границата помеѓу Градежните парцели ГП 15.1 и ГП 15.2 и нејзино поклопување со границата помеѓу катастарските парцели КП 2091/1 и КП 2091/10 во КО Мислешево, односно доведувајќи ги градежните парцели во рамките на поединединечната сопственост.

3. Поделба на корегираната ГП 15.2 по сопственост на две градежни парцели ГП 15.2.1 и ГП 15.2.2 со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) со посебни површини за градба со висина од 10.20м.
   ГП 15.2.1 формирана на делови од КП 2091/10 и КП2814/1 и КП 2091/2 и ГП 15.2.2 на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1.

4. Намената на земјиштето и вкупните параметрите за изграденост во проектниот опфат да останат исти како што се дадени во ДУП.

**Нумерички показатели по извршената корекција**

**ГП 15.1** *(на делови од КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1)*

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.1
- Површина на ГП 15.1: 1102.58 м².
- Површина за градење: 369.62 м²
- Вкупна нето површина по катови: 970.08 м2
- Процент на изграденост: 33.52%
- Коефициент на искористеност: 0.88
- Макс. висина: 10.20 м

**ГП 15.2.1** *(на КП 2091/2 и делови од КП 2091/10 и КП 2814/1)*

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.2
- Површина на ГП 15.2.1: 1102.26 м².
- Површина за градење: 460.76 м²
- Вкупна нето површина по катови: 1209.28 м2
- Процент на изграденост: 41.80%
- Коефициент на искористеност: 1.10
- Макс. висина: 10.20 м
-

**ГП 15.2.2** *(на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1)*

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.2
- Површина на ГП 15.2.2: 564.58 м².
- Површина за градење: 199.87 м²
- Вкупна нето површина по катови: 524.56 м2
- Процент на изграденост: 35.40%
- Коефициент на искористеност: 0.93
- Макс. висина: 10.20 м

**Површина на проектниот опфат : 2769.42 (2769) м2**
**Периметар на проектниот опфат : 208.02 м**

***Забелешка:*** *Координатите на деталните точки кои ја формираат градежната парцела се добиени со скенирање, георефернцирање и векторизирање на фотокопијата од изводот од урбанистичкиот план. Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби и вредностите во изводот поради заокружување на истите.*

**ПОСЕБНА НАПОМЕНА :**

Во изработката на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга потребно е да се почитуваат се Мерките за заштита на културното наследство во Охридскиот регион од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (Сл. весник на РСМ бр.45/20).

**ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА**

Подрачјето на проектниот опфат е целосно изградено со сообраќајна и инфраструктурна мрежа. За изработка на Урбанистичкиот проект со план за парцелација да се прибават сите потребни податоци од надлежните комунални претпријатија во согласност со Законот за урбанистичко планирање планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, бр. 111/2023 и бр. 171/2024), и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Основа за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат Условите за градење од постоечкиот ДУП и оваа Проектна програма. Урбанистичкиот проект да се изработи врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, бр. 111/2023 и бр. 171/2024), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр. 99/2023) и подзаконските акти кои произлегуваат од него и "Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистичкиот проект со план за парцелација" бр.24-6836/1 од 15.10.2021 год. и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

**СОДРЖИНА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ**

Урбанистичкиот проект треба да се изработи во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/2020, бр. 111/2023 и бр. 171/2024), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр. 99/2023).

Во прилог на Проектната програма доставуваме и скица на предлог план за парцелација

**Сопственици на катастарски парцели во проектниот опфат:**

Стојан Ќушкоски

Ранко Ќушкоски

Денко Малески

**Нарачатели / инвеститори:**

Хоџа Шериф

## 2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и комунална инфраструктура

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место и направена е детална анализа на добиените податоци. При инвентаризација на објектите и евидентирањето на состојбата на терен констатирано е дека во проектниот опфат има изградено повеќе објекти.

Параметрите за инвентаризираните градби се евидентирани во таблицата и легендата на соодветниот графички прилог во УП.

**ПОПИСНИ ЛИСТИ**

БРОЈ:
ДАТА НА ПОПИС:
*ЈУЛИ 2024*

| | | | ГРАДЕЖЕН ДЕЛ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| РЕДЕН БРОЈ | ГАБАРИТ НА ОБЈЕКТ м² | БРУТО ПОВРШИНА НА ОБЈЕКТ м² | ВИСИНА (м) | КАТНОСТ | ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА | СОСТОЈБА | ВОДОВОД | КАНАЛИЗАЦИЈА | НАМЕНА |
| 1 | 192.11 | 768.44 | 10.2 | П | АРМ.БЕТ. | ДОБРА | ДА | ДА | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ |
| 2 | 234.18 | 234.18 | 3 | П | АРМ.БЕТ. | ДОБРА | ДА | ДА | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ |
| 3 | 96.47 | 96.47 | 3 | П | АРМ.БЕТ. | ДОБРА | ДА | ДА | ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ |
| | | 1099.09 | | | | | | | |

### 2.1. Сообраќајна поврзаност

Предметниот проектен опфат е лоциран во источниот дел на град Струга во станбената населба Езерски Лозја во КО Мислешево.

Пристапот до градежната парцела се обезбедува преку Новопланирана улица 5 од северната страна согласно ДУП Езерски Лозја дел 1 и 2 во Блок 15 во КО Мислешево, Општина Струга.

### 2.2. Комунална инфраструктура

### 2.2.1 Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура

- **Електроенергетска инфраструктура**

На наше барање до ЕВН - Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, добиена е Потврда за подземни и надземни инсталации на дистрибутивната мрежа и објекти бр. 10-23/7-292 од 09.07.2024 година во која не информираат дека во проектниот опфат има постојни електроенергетски инсталации кои се сопственост на Елекродистрибуција дооел Скопје и истите се прикажани во графичкитие прилози.

- **Телекомуникациски инсталации**

На наше барање до Македонски ТЕЛЕКОМ АД за електронски комуникации - Скопје, добиено е Известување за постојни и планирани тк инсталации бр. 63451 од 09.07.2024 година, со кое не известуваат дека во границите на проектниот опфат има постојна МТК инфраструктура која е прикажана на графичкиот прилог.

### 2.2.2 Водоводна и канализациона инфраструктура

- **Водоводна и канализациона инфраструктура**

На наше барање од МЈП Проаква – Струга / ЈП Водовод и Канализација – Струга со број 03-64 од 09.07.2024 нема одговор преку е-урбанизам.

## 3. Опис и образложение на препарцелацијата во урбанистичкиот проект со план за препарцелација

Согласно на Изводот од Детален урбанистички план бр. 10-3239/2 од 26.08.2024 год. (ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга, одлука бр. 07-1492/3 од 03.10.2003 год.) предметниот опфат за градежната парцела ГП 15.1 и ГП 15.2 е со планирана намена А1 – семејни куќи.

Согласно Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр. 99/2023) наменската употреба на градежното земјиште дадена во Изводот од ДУП за ГП 15.1 и ГП 15.2 како “семејни куќи “ соодвестува со дефинираната класа на намени А1 (куќи за домување) односно поединечна класа на намена А1.1 куќи со двор и А1.2 куќи со споен ѕид на меѓа.

.

Проектниот опфат за кој се изработува овој урбанистички проект граничи:

- Од јужната страна со КП 2814/1;
- Од западната страна со КП 2108/3;
- Од Источната страна со КП 2091/6
- Од Северната страна со КП 2091/7 и 2108/4

**Проектниот опфат за кој се изработува овој урбанистички проект ги опфаќа следните катастарски парцели:**

- КП 2091/8;
- КП 2091/2;
- дел од КП 2091/10;
- дел од КП 2091/1;
- дел од КП 2108/3;
- дел од КП 2814/1 во КО Мислешево вон град

Катастарските парцели се во КО Мислешево и КО Мислешево вон град, Општина Струга.

Поединечните површини на градежните парцели кои го сочинуваат проектниот опфат за кој се изработува Урбанистичкиот проект согласно Геодетскиот елаборат за геодетски работи со посебни намени ЗА НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ (за реализација на урбанистички планови и урбанистичко-планска документација во постапките за формирање градежна парцела заради изградба на објект) КП.2091/1, 2091/2, 2091/8, 2091/10 (ГП.15.1 и ГП.15.2) КО МИСЛЕШЕВО изработен од фирмата “ГЕО НАЗИ” ДООЕЛ Струга со бр. 08-23-489/3 од 08.11.2023 год. изнесуваат :

**ГП 15.1** (на делови од КП 2091/1, КП 2814/1, 2091/10 и КП 2108/3) П= 1371 м2
**ГП 15.2** (на КП 2091/2, КП 2091/8 и дел од КП 2814/1) П= 1397 м2

***Забелешка:*** *Координатите на деталните точки кои ја формираат градежната парцела се добиени со скенирање, георефернцирање и векторизирање на фотокопијата од изводот од урбанистичкиот план. Не е исклучено да се појават разлики за ±1м2 во вредностите за површините на новопредложените состојби и вредностите во изводот поради заокружување на истите.*

Со изработка Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга, потребно е да се постигнат следните цели :

- Преработка на **проектниот опфат** формиран од ГП 15.1 и ГП 15.2 кој пред обработката и после изработката на УП да остане со иста вкупна површина (согласно на приложениот Геодетски елаборат за нумерички показатели).

- Корекција на границата помеѓу Градежните парцели ГП 15.1 и ГП 15.2 и нејзино поклопување со границата помеѓу катастарските парцели КП 2091/1 и КП 2091/10 во КО Мислешево, односно доведувајки ги градежните парцели во рамките на поединединечната сопственост.

- Поделба на корегираната ГП 15.2 по сопственост на две градежни парцели ГП 15.2.1 и ГП 15.2.2 со основна класа на намена А1 (домување во станбени куќи) со посебни површини за градба со висина од 10.20м.

  ГП 15.2.1 формирана на КП 2091/2 и делови од КП 2091/10 и КП2814/1 и ГП 15.2.2 на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1.

- Намената на земјиштето и вкупните параметрите за изграденост во проектниот опфат да останат исти како што се дадени во ДУП.

**Со корекцијата на меѓусебната граница и препарцелација на градежните парцели ГП 15.1, ГП 15.2.1 и ГП 15.2.2 нивните површини се променуваат така да површините на новоформираните градежни парцели изнесуваат:**

**ГП 15.1** *(на делови од КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1)* П= 1102.58м2
**ГП 15.2.1** *(на КП 2091/2 и делови од КП 2091/10 и КП 2814/1)* П= 1102.26 м2
**ГП 15.2.2** *(на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1)* П= 564.58 м2

**Површината на проектниот опфат останува непроменета и изнесува 2769.42 (2769) м2**
**Периметар на проектниот опфат : 208.02 м**

- **Внатрешен динамичен и стационарен сообраќај**

Површините за динамичен и стационарен сообраќај во рамките на градежната парцела треба да се планираат на едно ниво, а изведбата на поплочувањето да е од ист или компатибилен материјал.

Во планирањето на градежната парцела треба да се предвиди поплочена површина околу градбите како и да се предвидат уредени поплочени пешачки стази во рамки на градежната парцела.

- **Партер и хортикултура**

Целата површина на градежната парцела, надвор од површините за градба, треба партерно и хортикултурно да се уреди. Партерната обработка се препорачува да се изведе од елементи за поплочување со кои ке се потенцира естетската страна на планираните градби.

### 3.1 Споредбени нумерички показатели

**Нумерички показатели за ГП 15.1 и ГП 15.2 (според ДУП и Геодетскиот елаборат - нумерички податоци) и нумерички показатели за корегираните и новоформирани градежни парцели ГП 15.1, ГП 15.2.1 и ГП 15.2.2 (според УП)**

**Нумерички показатели за ГП 15.1** *(на делови од КП 2091/10, КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1)* **превземени од ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга**

- Класа на намена: СК (семејни куќи – индивидуално домување)
- Површина на ГП 15.1: 1371 м$^2$.
- Површина за градење: 500 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 1313 м2
- Процент на изграденост: 36.47%
- Коефициент на искористеност: 0.96
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за ГП 15.1** *(на делови од КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1)* **според Урбанистички проект**

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.1
- Површина на ГП 15.1: 1102.58 м$^2$.
- Површина за градење: 369.62 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 970.08 м2
- Процент на изграденост: 33.52%
- Коефициент на искористеност: 0.88
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за ГП 15.2** *(на КП 2091/8, КП 2091/2 и дел од КП 2814/1)* **превземени од ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга**

- Класа на намена: СК (семејни куќи – индивидуално домување)
- Површина на ГП 15.2: 1397 м$^2$.
- Површина за градење: 530 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 1391 м2
- Процент на изграденост: 37.92%
- Коефициент на искористеност: 1.00
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за ГП 15.2.1** *(на КП 2091/2 и делови од КП 2091/10 и КП 2814/1)* **според Урбанистички проект**

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.2
- Површина на ГП 15.2.1: 1102.26 м$^2$.
- Површина за градење: 460.76 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 1209.28 м2
- Процент на изграденост: 41.80%
- Коефициент на искористеност: 1.10
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за ГП 15.2.2** *(на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1)* **според Урбанистички проект**

- Група на класа на намена А
- Класа на намена А1
- Основна класа на намена А1.2
- Површина на ГП 15.2.2: 564.58 м$^2$.
- Површина за градење: 199.87 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 524.56 м2
- Процент на изграденост: 35.40%
- Коефициент на искористеност: 0.93
- Макс. висина: 10.20 м

**Нумерички показатели за проектниот опфат**

- Површина на проектен опфат според ДУП **2769м$^2$**
- Површина на проектен опфат според Геодетски елаборат за нумерички податоци **2769.42 (2769) м2**
- Површина на проектен опфат според УП (измерена) **2769.42 (2769) м2**

Намената на планираните површини за градба во градежните парцели остануваат непроменети во однос на тие од ДУП.

### 3.2 Комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планираната состојба. Истите се изработени во согласност со важечките прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени или диктирани од локалните услови, односно, (локациски, рељефни или услови кои произлегуваат од постојната изведена инфраструктурна мрежа).

Реализацијата на овој Урбанистички проект обврзувачки е да се решава преку идејни и основни проекти за планираните градби за чија реализација ке бидат дадени основи податоци од претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура на територијата на планскиот опфат.

#### 3.2.1 Електроенергетска инфраструктура

Приклучувањето на електроенергетската инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од Електродистрибуција дооел, Скопје.

#### 3.2.2 Телекомуникациска инфраструктура

Приклучувањето на телекомуникациската инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од Македонски Телеком.

### 3.3 Хидротехничка инфраструктура

- **Водоснабдување**

Приклучувањето на водоводната инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби на постојната инфраструктура и со претходно добиени податоци и согласност од ЈП Водовод и Канализација – Струга.

- **Канализација**

Приклучувањето на канализационата инфраструктура ке биде разработено во фазата на изработка на основни проекти за изградба на планираните градби, на постојната инфраструктура и со предходно добиени податоци и согласност од ЈП Водовод и Канализација – Струга.

- **Атмосферска канализација**

Во проектниот опфат не е реализирана атмосферска канализација планирана во ДУП. Одводнувањето на атмосферските води од планираната градба и припадната површина во рамки на градежната парцела од зелените површини и поплочените површини ке биде преку понирање се до реализација на атмосферската канализација предвидена во ДУП Езерски Лозја дел 1 и 2 во Блок 18 во КО Мислешево, Општина Струга.

## 4. Детални услови за проектирање и градење

Параметрите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на УП и имаат правно дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување на сила на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга.

Со параметрите се уредуваат условите за градба на просторот во рамките на утврдената граница на проектниот опфат – градежната парцела.

**I. Општите и посебните одредби за градење превземени од Одредбите од "ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга (Одлука бр 07-1492/3 од 03.10.2003).**

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во зоната за домување се семејните куќи со градини, а во зоната за комерцијални објекти застапени се објекти за угостителство, трговија, услуги, амбуланта, пошта, банка, администрација и секојдневно снабдување.

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилогза секоја парцела оделно.

3. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови,треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот. Максималните висини на предвидените објекти се дадени поодделно според зоните и тоа засемејните куќи до 10.20, за комерцијалните објекти во Дел 1 од 4.5 до 10.20 м од котата на тротоарот до венецот на објектите.

4. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

5. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

6. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.

7. Покрај домувањето предвидени се и објекти од угостителство и услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за домувањето а се според важечките нормативи и правилници.

8. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје поодделно во рамките на расположивата локација , а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ( Сл.весник. на РМ , бр. 02/ 02). Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедувањена паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно објектот.

9. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

10. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

11. Условите за изградба на станбените и другите видови на објекти, треба да ги содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

12. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето надворните места на комерцијалните објекти и на семејните куќи, а во зоната на сообраќајниците линеарното булеварско зеленило, а другите слободни простори како спортските игралишта да се разработуваат на ниво на урбанистички проект.

13. Зоната за заштитното парковско зеленило покрај езерото изнесува 1.35 ха и претставува идна озеленета површина со квалитетни насади според препорака на стручните служби, која ќе овозможува адекватна заштита и пријатен амбиент на локалитетот. Оваа зона е поделена на два дела и тоа делот од 0.6 ха, означен во графичкиот прилог како (зеленило заштитно) во кое не е дозволено никаква градба сем зелени насади и парковски уредени простори во рамките на приватните парцели.

Вториот дел од 0.75 ха (кој се наслонува на југ на стариот пат Струга-Охрид),означен во графичкиот прилог како (зеленило заштитно и рекреативни површини) да се разработи на ниво на урбанистички проект долж целото крајбрежје во опфатот за јавна намена во која покрај зеленилото да се предвидува изведба на содржини во функција на езерото и рекреацијата, а се согласно Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр: 102/02).

14. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

15. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

16. Отстранувањето на градежниот шут и поголеми количини на отпадоците од технолошките процеси во деловните објекти, ќе го вршат на своја сметка сопствениците директно во регионалната (општинската) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот или сопственикот на депонијата.

Дел 1 - Планиран развој по ДУП

Домување

Просторот наменет за семејни куќи – домување изнесува 20.83 ха. Во склоп на оваа зона се предвидуваат семејни куќи на парцели со различна големина во зависност од сопственоста. Третманот на домувањето, покрај основната намена за домување, според потребите може да има и придружни содржини, како продажен простор во приземните делови и слични содржини компатибилни со домувањето (пансионски услуги, пренокишта и слично кој се наметнуваат поради близината на езерото и можноста за развој на туризмот), а сепак поврзани со заедничките потреби на жителите и населбата.
Утврдувањето на параметрите за организацијата на просторот за домување, се врши со примена на параметрите утврдени со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот.
Максималната дозволена висина на структурите за домување изнесува 10.20 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот. Висината на слемето е до 3.5 м. над максималната или дозволента висина на изградба.

## II. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите кои се однесуваат на проектниот опфат кои се применуваат со одобрување на Урбанистичкиот проект

### Нумерички показатели за ГП 15.1 (на делови од КП 2091/1, КП 2108/3 и КП 2814/1) според Урбанистички проект

- Група на класа на намена А
- Класа на намена А1
- Основна класа на намена А1.1
- Површина на ГП 15.1: 1102.58 м$^2$.
- Површина за градење: 369.62 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 970.08 м2
- Процент на изграденост: 33.52%
- Коефициент на искористеност: 0.88
- Макс. висина: 10.20 м

**Општи и посебни напомени кои се однесуваат за ГП 15.1**

**Површина за градба (одредби од добиени информации од НУ Завод и Музеј – Охрид):**

При изработка на идеен / основен проект да се почитуваат одредбите од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) за заштитна зона III -д, каде се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%.

**Паркирање:**

Паркирањето треба да се обезбеди во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места точно ќе се утврди со изработка на проектна документација, во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање цитиран во Изводот од ДУП.

**Пристап до Градежната парцела :**

Согласно ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга пристапот до градежната парцела ГП 15.1 е од постојната и новопланираната станбена улица 5 и улица 9 на северната и западната страна од градежната парцела.

**Зеленило:**

Согласно Законот за урбано зеленило просторот надвор од површината за градење треба да се уреди партерно како и озелени со парковско зеленило (најмалку 20% во секоја градежна парцела).

**Посебни одредби од АЦВ (бр. 12-8/640 од 10.07.2024) :**

Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 745мнв.

Доколку се поставуваат кранови, потребно е истите да се обележат како препреки во воздухопловството за дневно воочување со боење на кранот во црвено/бели полиња и за ноќно воочување со поставување на црвени светилки со ефективен интензитет од 32цд на највисоката точка и на краевите од лостот;

Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
Надворешното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

**Нумерички показатели за ГП 15.2.1** *(на КП 2091/2 и делови од КП 2091/10 и КП 2814/1)* **според Урбанистички проект**

- Група на класа на намена A
- Класа на намена A1
- Основна класа на намена A1.2
- Површина на ГП 15.2.1: 1102.26 м$^2$.
- Површина за градење: 460.76 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 1209.28 м2
- Процент на изграденост: 41.80%
- Коефициент на искористеност: 1.10
- Макс. висина: 10.20 м

**Општи и посебни напомени кои се однесуваат за ГП 15.2.1**

**Површина за градба (одредби од добиени информации од НУ Завод и Музеј – Охрид):**

При изработка на идеен / основен проект да се почитуваат одредбите од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) за заштитна зона III -д, каде се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%.

**Паркирање:**

Паркирањето треба да се обезбеди во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места точно ќе се утврди со изработка на проектна документација, во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање цитиран во Изводот од ДУП.

**Пристап до Градежната парцела :**

Согласно ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга пристапот до градежната парцела ГП 15.2.1 е од постојната и новопланираната станбена улица 5 на северната страна од градежната парцела.

**Зеленило:**

Согласно Законот за урбано зеленило просторот надвор од површината за градење треба да се уреди партерно како и озелени со парковско зеленило (најмалку 20% во секоја градежна парцела).

**Посебни одредби од АЦВ (бр. 12-8/640 од 10.07.2024) :**

Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 745мнв.

Доколку се поставуваат кранови, потребно е истите да се обележат како препреки во воздухопловството за дневно воочување со боење на кранот во црвено/бели полиња и за ноќно воочување со поставување на црвени светилки со ефективен интензитет од 32цд на највисоката точка и на краевите од лостот;

Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.

Надворешното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

**Нумерички показатели за ГП 15.2.2** *(на КП 2091/8 и дел од КП 2814/1)* **според Урбанистички проект**

- Група на класа на намена А
- Класа на намена А1
- Основна класа на намена А1.2
- Површина на ГП 15.2.1: 1102.26 м$^2$.
- Површина за градење: 460.76 м$^2$
- Вкупна нето површина по катови: 1209.28 м2
- Процент на изграденост: 41.80%
- Коефициент на искористеност: 1.10
- Макс. висина: 10.20 м

**Општи и посебни напомени кои се однесуваат за ГП 15.2.2**

**Површина за градба (одредби од добиени информации од НУ Завод и Музеј – Охрид):**

При изработка на идеен / основен проект да се почитуваат одредбите од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (Сл. весник на РСМ бр.45/20) за заштитна зона III -д, каде се забранува изградба на објекти повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40%.

**Паркирање:**

Паркирањето треба да се обезбеди во рамките на градежната парцела, а потребниот број на паркинг места точно ќе се утврди со изработка на проектна документација, во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање цитиран во Изводот од ДУП.

**Пристап до Градежната парцела :**

Согласно ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга пристапот до градежната парцела ГП 15.2.2 е од постојната и новопланираната станбена улица 5 на северната страна од градежната парцела.

**Зеленило:**

Согласно Законот за урбано зеленило просторот надвор од површината за градење треба да се уреди партерно како и озелени со парковско зеленило (најмалку 20% во секоја градежна парцела).

**Посебни одредби од АЦВ (бр. 12-8/640 од 10.07.2024) :**

Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 745мнв.

Доколку се поставуваат кранови, потребно е истите да се обележат како препреки во воздухопловството за дневно воочување со боење на кранот во црвено/бели полиња и за ноќно воочување со поставување на црвени светилки со ефективен интензитет од 32цд на највисоката точка и на краевите од лостот;

Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.

Надворешното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.

## III. Дополнителни услови за градба, развој и користење на земјиштето во рамки на наменските зони кои произлегуваат од одредбите на Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион (2020 – 2029) и кои се почитувани во изработката на УП.

**Напомена :**
Во изработката на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за ГП 15.1 и ГП 15.2 во ДУП за Езерски Лозја дел 1 и 2 во КО Мислешево, Општина Струга потребно е да се почитуваат Мерките за заштита на културното наследство во Охридскиот регион дадени во Т.9.2.2 како и одредбите од Т. 9.2.2.3 (Села и крајбрежни населби) од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план (Сл. весник на РСМ бр.45/20)

**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ВО ЗАШТИТНИТЕ ЗОНИ II И III :**

- зачувување на висината и фасадниот изглед, како на поединечно заштитените добра и така и на амбиенталните објекти;
- зачувување на габаритот на поединечно заштитените добра;
- зачувување на изворната состојба на поединечно заштитените добра со спроведување мерки како конзервација, реставрација, санација и сл.;
- не смее да се изведуваат интервенции кои можат да го загрозат интегритетот на поединечните заштитени и амбиентални добра..

**Новите градби треба да имаат :**

- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;
- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината *Старо градско јадро*;
- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;
- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;
- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.

**ЗАБРАНЕТИ АКТИВНОСТИ ВО ЗАШТИТНА ЗОНА III -д :**

- изградба на објекти со намена семејно домување повисоки од П + 3 ката и поголем процент на изграденост од 40;
- интензивно земјоделско производство со прекумерна употреба на пестициди /ѓубриво кои загадуваат;
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност;
- реконструкција на легално изградените станбени објекти во постојниот габарит

## 5. Мерки за заштита

### 5.1. Мерки за заштита на животната средина

Право и должност на РМ, Општината, како и на сите правни и физички лица да обезбедат услови за заштита и унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, регулирано со:

- Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14);
- Закон за заштита на природата ("Службен весник. на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13).
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух ("Службен весник на РМ" бр.67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 163/13 и 100/12;
- Закон за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр. 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11 и 123/12);
- Закон за заштита од бучава во животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
- Закон за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 93/12 и 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 – пречистени текстови);
- Закон за водите ("Службен весник на РМ" бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11,44/12, 23/13 и 163/13)
- Уредба за класификација на водите ("Службен весник на РМ" бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води ("Службен весник на РМ" бр. 18/99);
- Уредба за спроведување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување постапка за оценка на влијанијата врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 74/05);
- Правилникот за општи правила за постапување со комуналниот и други видови на неопасен отпад ("Службен весник на РМ" 147/07);
- Правилникот за урбанистичкото планирање ("Службен весник на РСМ" бр.225/2020, бр.219/2021, бр.104/2022 и бр.99/2023).

Основните цели на политиката за заштита и унапредување на животната средина мора да се интегрираат во сите развојни, стратешки и плански програмски документи кои ги донесуваат органите на државата и општината.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одредени области на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина преку запазување на поставените стандарди, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно законот за управување со отпад, создавачите на отпад се должни во најголема мера да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на лугето;
- Предвидување на соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води;
- Заштита, унапредување и адекватно користење на природните предели, амбиентите и пејсажите во предвидениот простор.

Напомена: Создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

### 5.2. Мерки за заштита на природата

Со Законот за зашита на природата ("Службен весник. на РМ" бр: 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13), се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја.

Во современото планирање на просторот, задачите на заштитата на природата се усмерени особено на активно уредување и заштита на природата и животната средина, санирање на можните штети и повторно воспоставување на природната средина. Заштитата на природата ја опфаќа:

- заштитата на биолошката разновидност, заштитата на пределската разновидност и заштита на природното наследство;
- Доколку при реализација на оваа градба со намена домување во станбени куќи, на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природни реткости кои може да бидат загрозени, потребно е да се превземат мерки за заштита согласно Законот за заштита на природата ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 14/06 и 84/07).

#### а. Заштита на воздухот

Загадувањето на воздухот настанува од природни извори и како последица на човековите активности во просторот. За аерозагадување може да се зборува во колку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот да постануваат штетни за луѓето, животните и растенијата, а го загрозуваат и здравјето и животот.

Природни извори на загадување на воздухот во просторот на третираниот проектен опфат не се евидентирани. Ова е чиста еколошки незагадена околина, а извори како последица на човековите активности настануваат од сообраќајот кој во овој регион е минимален така да и планираната намена која ќе се одвива во овој проектен опфат е чиста.

Досега на оваа територијата и поширокото окружување не е поставена мерна мрежа со уреди за мерење параметри значајни за проценка на загаденоста. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот.

Врз основа на карактерот на индустријата, големината на градот, бројот на возила и метеоролошките услови се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на територијата на предметниот простор.

Мерки за заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување со користење на доминантните воздушни струења;
- подобрена е состојбата на зелените површини со правилен распоред, создавање на поврзан систем на зелени површини
- постигнат е сооднос меѓу изградените и слободни површини
- потребна е постојана контрола на загадувчите на атмосферата.

**б. Заштита на водите и третман на површинските води**

За проценувањето на обемот на загадување на површинските и подземни води во проектниот опфат потребно е да се означат врстата на материи, загадувачи и изворите на загадување. Загадувачи на овој простор не постојат ни пред да се оформи овој проектен опфат нити пак со неговото функционирање.

**в. Заштита на почвите**

